ПРАВА НА ПАТНИЦИТЕ

## ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ ВО ВОЗДУХОПЛОВ?

## ОТКАЖУВАЊЕ?

## ГОЛЕМО ДОЦНЕЊЕ?



**Авиокомпаниите имаат правна обврска да Ве информираат за**

# ВАШИТЕ ПРАВА

## И КАДЕ ДА СЕ ЖАЛИТЕ

EUROPEAN COMMISSION

## Забранет влез во воздухоплов

Може да имате право на надоместок помеѓу € 125 и € 600 зависно од растојанието на летот и од доцнењата предизвикани од пренасочувањето.

## Големо доцнење

Може да побарате надоместок за Вашиот билет доколку доцнењето било подолго од пет часа, и само доколку одлучите да не патувате.

## Откажување

Финансиски надоместок е задолжителен освен доколку не сте биле информирани 14 дена пред летот, или сте биле пренасочени на лет чие време на полетување е приближно на времето на полетување на откажаниот лет, или доколку авиокомпанијата може да докаже дека причина за откажувањето се непредвидени околности.

## Помош од страна на авиокомпаниите

Во зависност од околностите, доколку Ви е забрането да влезете во воздухоплов, или Вашиот лет е откажан или многу доцни, може да имате право да добиете помош (кетеринг, комуникации, како и ноќевање доколку е потребно). Во случај на забрана за влез во воздухоплов или откажување, може да Ви се понуди да изберете или да продолжите со Вашето патување или Вашиот билет да Ви биде надоместен.

За повеќе информации и за листата на национални власти одговорни за спроведување на овие права на: http://apr.europa.eu

## Намалена подвижност

Хендикепираните лица и патниците со намалена подвижност се заштитени од дискриминација и, од 26 Јули 2008, можат да сметаат на соодветна поддршка (според одредени услови) на сите аеродроми на ЕУ со цел да им се помогне.

## Идентитет на авиокомпанијата

Однапред морате да бидете информирани од која авиокомпанија е Вашиот лет. Авиокомпаниите кои се сметаат за небезбедни се забранети или ограничени во рамките на Европската Унија. Тие се наведени на: **http://air-ban.europa.eu**

## Одговорност

Авиокомпаниите можат да бидат одговорни за штетите кои настанале со доцнењата (до ± € 4 800), за оштетување или загуба на багаж (до ± € 1 200) и за повреда или смрт при несреќен случај. Сепак, авиокомпаниите нема да бидат одговорни доколку ги презеле сите неопходни мерки за да се избегнат штетите или пак било невозможно да се преземат таквите мерки

## Пакет аранжмани

Тур-операторите на пакет аранжманот мора да дадат прецизни информации за резервираниот одмор, во согласност со договорните обврски и да ги заштита патниците во случај организаторот да не е платежно способен.



KO-70-07-026-EN-D

## Повеќе информации?

Повикај го бесплатниот телефонски број*
од било каде во ЕУ во текот на работното време
(09:00–18:30 СЕВ работни денови).

# 00 800 6 7 8 9 10 11

* Некои мобилни оператори не дозволуваат пристап до 00 800 броевите или можат да наплатат за тие повици. Во некои случаи, овие повици можат да се наплата од телефонските говорници или од хотелите.

За надвор од ЕУ повикај (се применува вообичаената тарифа):

(32-2) 299 96 96

**http://apr.europa.euhttp://air-ban.europa.eu**

Овој леток е само за инфирмативни цели.
Секое правно побарување или дејство во случај на спор треба да се базира единствено според соодветните правни текстови. Тие можат да се најдат во *Службениот весник на Европската унија*.

Published by: European Commission,
Directorate-General for Energy and Transport,
BE-1049 Brussels.